# Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Примено/E pranua 03.02.2023

| Орг. Един. Njësia.Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 186/1 | | |


From: Ohrid SOS (ohridsos@gmail.com)

To: contact@uzkn.gov.mk; zimohrid@yahoo.com

Date: Friday, December 30, 2022 at 08:34 AM GMT+1

Почитувани,

Во согласност со член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (и подоцнежните измени и дополнувања) и согласно Законот за заштита на културното наследство, од имателот ја бараме следната информација од јавен карактер.

Во врска со проект за изградба на станбен објект на ул. Христо Узунов бр. 17 во стариот дел на Охрид, КП 15972, КО Охрид 3:
- Знаејќи дека УЗКН и Завод и музеј Охрид преземаа активности за усогласување помеѓу инвеститорот и соседите, како и
- Имајќи го во вид мислењето со бр. УПП 03-11 од 29.12.2020 г. од Комисијата за управување со природното и културно наследство на Охридскиот Регион,

**1.** Бараме информација за тоа кој е конечниот исход, да ни се доставаат детали за тоа колкава градба ќе се гради на КП 15972, КО Охрид 3. Да ни биде доставена соодветна документација.

**2.** Дали УЗКН издале ново Конзерваторско решение врз основа на адаптирани конзерваторски услови, односно како е постапено по мислењето на Комисијата за управување со Охридскиот Регион? Да ни биде доставена соодветна документација.

Ве молиме бараната информација да ни биде доставена по електронски пат на истава е-адреса во најбрз можен рок, а не подоцна од со закон утврдениот.

Однапред благодариме.

Овластено лице:

**Со почит,**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**

БЛАТОТО Е
СРЦЕ
НА ЕЗЕРОТО

**Blog:** OhridSOS
**FB:** OhridSOS
**Twitter:** OhridSOS

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

*НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;*
*е-маил: зимохридЖsaxoo.цом;* ***жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090***

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 03-186/3
07.02.2023
Охрид/Ohër

**До**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**
**(ohridsos@gmail.com)**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВЕСКА:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (наш бр.03-186/1 од 03.02.2023 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 4, 12 и 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Ohrid SOS преку застапник , 30.12.2022 година испратено по електронски пат (наш бр. 03-186/1 од 03.02.2023 година – заверено и доставено со закаснување заради пропуст на прегледување на електронската пошта и недоставување до службено лице за посредување на информации од јавен карактер, заради големиот број на празници и користење на годишен одмор на службеното лице), а во врска со проект за изградба на станбен објект на ул. Христо Узунов бр. 17 во стариот дел на Охрид, КП 15972, КО Охрид 3, за тоа цитирам:

- Знаејќи дека УЗКН и Завод и Музеј – Охрид преземаа активности за усогласување помеѓу инвеститорот и соседите, како и
- Имајќи го во вид мислењето со бр. УПП 03-11 од 29.12.2020 година од Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион,

1. Бараме информација за тоа кој е конечниот исход, да ни се достават детали за тоа колкава градба ќе се гради на КП 15972, КО Охрид 3. Да ни биде доставена соодветна документација.
2. Дали УЗКН издаде ново Конзерваторско решение врз основа на адаптирани конзерваторски услови, односно како е постапено по мислењето на Комисијата за управување со Охридскиот регион? Да ни биде доставена соодветна документација.

Врз основа на член 13 ст. 3 и 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата НУ Завод и Музеј – Охрид, преку овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19) Ви ги доставува следните информации:

Во врска со вашето барање информација од јавен карактер, а притоа имајќи го предвид член 3 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) за тоа што е информација од јавен

карактер, дека тоа е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, Ве информираме дека на КП 15972, КО Охрид 3 ќе се гради Индивидуална станбена зграда, А1 домување во станбени куќи согласно:

- Одобрение за градење издадено од Министерството за транспорт и врски на РСМ бр. 28 Уп. – 211/2020 од 17.12.2020 година;
- Конзерваторско одобрение УП бр. 08-701 од 07.08.2018 година, за Основен проект, А1 Домување во станбени куќи, со тех. бр. А/19-19 од јуни, 2020 изработен од Румен Инженеринг ДООЕЛ Охрид, издадено од Министерството за култура, Управа за заштита на културно наследство – Скопје.

Градбата која се гради е согласно важечкиот ДУП со измени и дополнување за ПЦГП МЗ – 10 Центар – дел, МЗ – 11 Стар град – дел и МЗ – 6 Кошишта – дел без кејот – Охрид , донесен со Одлука бр. 08-583 од 13.04.1995 година.

Мора да се напомене дека горенаведениот ДУП е донесен пред донесувањето и примената на Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на РМ“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16) според кој пред донесување на било кој ДУП неопходно е да се изработат Заштитно конзерваторски основи кои претставуваат основа за урбанизација на било кој урбан опфат. Согласно горенаведеното НУ Завод и Музеј – Охрид за изработка на ДУП со измени и дополнување за ПЦГП МЗ – 10 Центар – дел, МЗ – 11 Стар град – дел и МЗ – 6 Кошишта – дел без кејот – Охрид нема изработено Заштитно конзерваторски основи и не учествувал во изработката на истиот. Напротив, согласно тогашните надлежности НУ Завод и Музеј – Охрид го има оспорено горенаведениот ДУП бидејќи не се согласувал со урбанизацијата, меѓутоа го изгубил спорот.

Со оглед на тоа што во меѓувреме не е донесен нов ДУП, НУ Завод и Музеј – Охрид, Управата за заштита на културно наследство – Скопје и Министерството за транспорт и врски на РСМ – Скопје, комплетната процедура за добивање на Одобрение за градење ја спровеле согласно важечкиот ДУП.

После реакцијата од соседите и доставувањето на дописи од нивна страна до Министерството за култура на РСМ и Комисијата за светско природно и културно наследство на Охридскиот регион, НУ Завод и Музеј – Охрид доставил Мислење бр. 13-1116/2 од 30.12.2020 година до Министерството за култура на РСМ во кое ги наведува сите документи кои се изработени со цел добивање на Одобрение за градење за горенаведениот објект и во кое се напоменува дека објектот е проектиран според режимот предвиден со Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. Весник на РМ бр. 47 од 08.04.2011 година) како и дополнување на законот (Сл. Весник на РМ бр. 154/15 од 04.09.2015 година), во поглед на обработка на фасади, обработка на еркери, надворешна столарија, обработка на стреи, кров и кровна конструкција. Исто така во Мислењето се потенцира дека е неопходна изработка на нови Детални урбанистички планови за 19 комплекси кои претставуваат составен дел од Заштитена споменичка целина, а и обврска согласно Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење. Само на тој начин би се надминале проблемите кои моментално се присутни при реализација на ДУП кои што се застарени и нефункционални.

Исто така Управата за заштита на културно наследство донесе Решение за запирање на работите на непосредна заштита ИП1 бр. 12-09 со цел ревидирање на документацијата и детерминирање на понатамошната меѓуинституционална соработка в.в со донесувањето на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион од јануари 2021 година. Стручните лица од УЗКН повторно ја испитаа основаноста и законитоста на документацијата

содржана во постапката која претходи во врска со градењето на објект на ул. Христо Узунов бр. 17 во Охрид, КП 15972 КО Охрид 3 од аспект на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, Законот за заштита на културно наследство и нивната усогласеност со Законот за градење како и со Планот за управување и притоа е констатирано дека во постапката во целост е запазена законската процедура за издавање на претходни акти за верификација на градбата. Исто така е констатирано дека сите издадени акти се во согласност со важечките закони уште пред донесувањето на Планот за управување и согласно горенаведеното донесено е Решение со кое се запира инспекциската постапка по Записник број ИП1 бр. 12-09 од 11.02.2021 година и Решение ИП 1 бр. 12-09 од 25.03.2021 година.

Како доказ за горенаведеното Ви доставуваме:

- Конзерваторско одобрениеУП бр. 08-646 од 08-10.2019 година;
- Одобрение за градење бр. 28 Уп.-211/2020 од 17.12.2020 година;
- Доставување на Мислење бр. 13-1116/2 од 30.12.2020 година;
- Решение за запирање на инспекциска постапка.

Ве известуваме дека во документацијата на НУ Завод и Музеј – Охрид нема новоизработен документ предметен за конкретната парцела, а кој е во врска во Вашите конкретни барања. Реализацијата на проектот се изведува согласно издаденото Конзерваторско одобрение како и согласно Одобрението за градење. Пред отпочнувањето со градежните активности од страна на НУ Завод и Музеј – Охрид назначени се стручни лица - конзерватори кои се должни континуирано да вршат конзерваторски надзор при изведба на градежните работи и доколку констатираат отстапувања од Основниот проект да изготват извештај и истиот да го испратат до УЗКН – Скопје. (Решение бр. 02-709/1 од 19.05.2022 година).

При вршење на конзерваторскиот надзор до овој момент не се констатирани отстсапки од Основниот проект при изведувањето на градежните работи. Основниот проект се наоѓа во НУ Завод и Музеј – Охрид, меѓутоа истиот не може да ви биде доставен во електронска форма. Доколку сакате да извршите увид на проектната документација, тоа можете да го извршите во управната зграда на НУ Завод и Музеј – Охрид секој работен ден од 7,30 до 15,30 часот.

Во прилог Ви го доставуваме Решението за назнчување на стручен тим за вршење на конзерваторски надзор бр. 02-709/1 од 19.05.2022 година.

Со почит,

Службено лице за посредување со

информации од јавен карактер

Тања Паскали Бунташеска

диа, конзерватор – советник

-----------------------------------

в.д. Директор,

Катерина Велковска

-----------------------------------